# З А П И С Н И К
## од одржаната 4. седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија

Четвртата седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија се одржа на 3 април 2026 година, во Канцеларијата за млади во Гевгелија, со почеток во 11:00 часот.

На седницата присуствуваа членовите: Валентина Ангелова, Благица Ступар, Анастасија Шопова, Ангел Аевски, Кристијан Алчинов.

Претседателката Валентина Ангелова ја отвори седницата и констатира дека се исполнети условите за полноважно работење и одлучување.

За работа на седницата беше предложен и едногласно усвоен следниот

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д:**

1. Избор на записничар и двајца оверувачи;
2. Усвојување на записникот од третата седница на ЛМС на ОГ;
3. Информација за одобрување на проектот „Youth Wave 2026“;
4. Формирање организациски тим и распределба на задолженија за реализација на проектот;
5. Разгледување на временска рамка и активности за реализација на проектот;
6. Разно.

По првата точка од дневниот ред, за записничар беше избран Ангел Аевски, а за оверувачи на записникот беа избрани Благица Ступар и Кристијан Алчинов.

По втората точка од дневниот ред, членовите на Локалниот младински совет го разгледаа Записникот од третата седница и истиот беше едногласно усвоен без забелешки.

По третата точка од дневниот ред, претседателката Валентина Ангелова ги информираше членовите дека проектот „Youth Wave 2026“, поднесен од Локалниот младински совет на Општина Гевгелија на Јавниот повик поддржан од Делегацијата на Европска Унија, е одобрен за финансиска поддршка.

Во информацијата беше наведено дека проектот е позитивно оценет поради неговиот иновативен пристап, вклучувањето на младите во локалната заедница, промоцијата на претприемништвото и можностите за кариерен развој, како и поради предвидените активности кои комбинираат едукација, култура, вмрежување и младинска креативност.

По четвртата точка од дневниот ред, беше донесена одлука за формирање организациски тим за реализација на проектот „Youth Wave 2026“, при што беа утврдени следните задолженија:

- Кристијан Алчинов – координатор на проектот и комуникација со партнерите и институциите и логистика, комуникација со учесници и техничка организација;

Додека другите членови – односи со јавност, медиумска промоција и социјални мрежи; координација на учесници, волонтери и организација на едукативните сесии, и техничка поддршка и координација на културно-уметничката програма.

По петтата точка од дневниот ред, членовите ја разгледаа предлог-временската рамка за реализација на проектот и договорија:

- во текот на април 2026 година да се реализираат подготвителните активности;
- да се воспостави комуникација со говорници, обучувачи и локални млади професионалци;
- да се започне со предлози за медиумска и промотивна кампања;
- да се подготви детален оперативен план за реализација на настанот;
- проектот „Youth Wave 2026“ да се реализира во мај 2026 година во Народниот театар во Гевгелија и на отворениот простор пред објектот.

Бидејќи немаше дискусии по точка разно, дневниот ред беше исцрпен и претседателката ја затвори седницата во 12:30 часот.

19-290/9
08.05.2026 г.
Гевгелија

**Претседател**
**на ЛМС на ОГ,**

Валентина Ангелова
с.р.

Записничар,
Ангел Аевски, с.р.

Оверувачи на Записникот,
1. Кристијан Алчинов, с.р.
2. Благица Ступар, с.р.